Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто дваесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 февруари 2023 година**

**Скопје, февруари 2023 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто дваесет и четвртата седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 3 февруари 2023 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија што се одржа преку видео-конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 12:40 часот.

Со седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции, членовите на Владата Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука, д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, м-р Методија Димовски.

На седницата учествуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваше и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика.

На седницата учествуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија и Душко Арсовски, портпарол на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата не учествуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и членовите на Владата д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Никола Тупанчески, министер за правда, м-р Беким Сали, министер за здравство, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, Ристо Пенов, министер за локална самоуправа, м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Кадровски прашања

2. Прашања и предлози

3. Информација во врска со потребата од поднесување на ВБИФ Апликација за инвестициски грант за изградба на Експресен пат А2, делница Крива Паланка-Длабочица-Страцин (Чатал) како дел од Коридор 8

*

*      *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

1. Владата ја разреши Љупка Цикарска од должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта, поради истек на мандатот.

1.1 Владата го именува Ивица Димитров за вршител на должноста член на Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта.

**<u>Точка 2</u>**

Владата по повод заклучоците усвоени на Третата седница на Комитетот за преговори за склучување на Договор за градење на Коридор 8 (делница: Тетово-Гостивар-Букојчани и Проектот за автопатот Требеништа-Струга-Ќафасан) и Коридорот 10 д (делница на автопатот Прилеп-Битола) во Република Северна Македонија (доставени од Јавно претпријатие за државни патишта), заклучи да се измени Одлуката за формирање на Комитет за преговори за склучување на Договор за градење на Коридор 8 (делница: Тетово-Гостивар-Букојчани и Проектот за автопатот Требеништа-Струга-Ќафасан) и Коридорот 10 д (делница на автопатот Прилеп-Битола) во Република Северна Македонија, во насока во членот 5 од Одлуката зборовите „во рок од 21 ден од денот на завршувањето на преговорите" да се заменат со зборовите „во рок од 21 ден од денот на отпочнување на преговорите". Одлуката да се смета за донесена на оваа седница на Владата.

**<u>Точка 3</u>**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со потребата од поднесување на ВБИФ Апликација за инвестициски грант за изградба на Експресен пат А2, делница Крива Паланка-Длабочица-Страцин (Чатал) како дел од Коридор 8 и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се укажува на Јавното претпријатие за државни патишта во рок од два дена да достави до Министерство за финансии и Министерство за транспорт и врски ВБИФ Апликацијата за инвестициски грант за изградба на Експресен пат А2, делница Крива Паланка-Длабочица-Страцин (Чатал), како дел од Коридор 8.

2. Се задолжува Министерството за финансии во рок од три дена по добивање на ВБИФ Апликацијата за инвестициски грант за изградба на Експресен пат А2, делница Крива Паланка-Длабочица-Страцин (Чатал), како дел од Коридор 8, да подготви писмо за поддршка до Европската комисија и Светската банка и истото да го проследи до Секретаријатот за европски прашања и Министерството за транспорт и врски.

3. Се задолжува Министерството за транспорт и врски во рок од три дена по добивање на ВБИФ Апликацијата за инвестициски грант за изградба на Експресен пат А2, делница Крива Паланка-Длабочица-Страцин (Чатал), како дел од Коридор 8, да подготви и достави мислење до Секретаријатот за европски прашања и Министерството за финансии.

4. Се задолжува Секретаријатот за европски прашања, во рок од два дена по добивање на писмото за поддршка од Министерството за финансии и мислењето од Министерството за транспорт и врски, да ја поднесе ВБИФ Апликацијата за инвестициски грант за изградба на Експресен пат А2, делница Крива Паланка-Длабочица-Страцин (Чатал), како дел од Коридор 8.

*

*   *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 12:50 часот.

| Генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија | Прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија |
|---|---|
| **м-р Методија Димовски** | **dr. Artan Grubi** |